# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС – ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ВЕСТИ

Концептот на политички плурализам е важен од аспект на интересите на граѓаните и нивното право на слободно оформување на мислење за одделни настани и прашања. Поради тоа треба да се даде глас и да се овозможи видливост на сите или на што е можно поголем број мислења, тенденции или струења на политичка, општествена или културна мисла присутна во општеството**.**
Политичкиот плурализам (во смисла на застапеност на претставници на институционализираната власт во државата и на политички партии) особено треба да дојде до израз надвор од периодите на официјални изборни кампањи. Основната претпоставка за постоењето на независни медиуми е објективно и непристрасно прикажување на настаните во нивните дневно-информативни изданија.
Со оглед на улогата и мисијата во општеството, ваквата обврска особено важи за јавниот сервис.

## Методолошки напомени

Минатата година, во периодот од  5 до 11 јули, Советот за радиодифузија анализираше по 7 изданија од дневно - информативната програма на МТВ 1 и МТВ2- албански јазик, со цел да го оцени степенот на политички плурализам во вестите на овие телевизиски сервиси. Основа за начинот на спроведување на анализата беа искуствата во повеќе европски земји. Секако, различните земји- членки на ЕУ имаат различни културни, политички и регулаторни традиции коишто ги објаснуваат нивните, понекогаш различни пристапи кон медиумскиот плурализам, а со самото тоа и кон политичкиот плурализам, како негов составен дел. Меѓутоа, споредбената анализа на легислативата, но и на резултатите од мониторинзите на регулаторните тела покажаа дека при анализата на политичкиот плурализам најчесто се земаат предвид три субјекти: Владата, позицијата и опозицијата.

И овојпат, со оваа анализа концептот на политички плурализам е сфатен во смисла на опфаќање на различни политички/идеолошки гледишта и степенот на нивно изразување. На сила е Законот за радиодифузната дејност од 2005 година и досега нема измени и дополнувања на неговите одредби со кои точно би се прецизирала обврската за обезбедување политички плурализам во програмите и начинот на нејзино спроведување.  Оттука, и Советот, при анализата не се водеше од некакви точно утврдени квоти, туку го имаше предвид европското искуство и неизоставно, македонската политичка традиција и спецификите на нашиот политички систем.

Покрај веќе споменатите субјекти - Влада, партиите кои го сочинуваат парламентарното мнозинство и опозициските политички партии за да се види во која мера, јавниот сервис обезбедил видливост на политичките актери од различно ниво (централно и локално), односно на институциите (вклучително и нивни претставници) кои по својата поставеност учествуваат во креирањето на политиката (и во поширока смисла),а  со тоа влијаат врз животот на граѓаните, проширен е опфатот на анализата. Имено, бележени се активностите на Собранието (како централна институција на државната власт на која и е доверена законодавната власт); Претседателот на Републиката (како институција која ја дели извршната власт со Владата на РМ); локалната власт (како орган кој е одговорен за локалниот развој и сензибилизирање на граѓаните и нивно активно вклучување во процесите на креирање на политики) и органите на државна управа (поради нивната непосредна поврзаност со Владата).

Анализата е спроведена на изданијата на централниот дневник на МТВ 1 во 19:30 часот, Вестите на албански јазик на МТВ 2 во 18:30 часот и Вестите на турски јазик на МТВ 2 во 17:30 часот. Програмите на ромски, српски, влашки и бошњачки јазик траат покусо и, според досегашните анализи, или не емитуваат вести или барем не го прават тоа редовно и затоа не се опфатени со оваа анализа.

За да се согледа вистинската слика за присуството на учесниците во власта, во дневно - информативната програма на јавниот радиодифузен сервис, освен квантитативните се користени и квалитативни методи. Покрај самите прилози, предмет на анализата се и најавите за нив.

За утврдување на обемот на времето одвоено за активностите на субјектите кои се во фокусот на анализата за политички плурализам мерено е времетраењето на сите прилози кои ги сочинуваат вестите. Тоа значи дека се сметани и прилозите со информации од светот и спортските вести. Користена е квантитативна и квалитативна анализа на содржина. На овој начин се добиваат податоци за поводот за појавување на претставниците на власта и политичките партии во медиумите, пристапот и третманот на програмскиот сервис при обработка на нивните (не)активности и ставот на претставниците на власта и политичките партии при изразување на нивните ставови и мислења за други субјекти.

Повод за емитуваниот прилог може да биде актуелен настан (може да биде и настан кој се случил поодамна, но повторно се актуелизира); реакции на некој настан но не и за самиот настан; настан кој допрва треба да се случи (случувањето е многу извесно); а може да биде и друг повод којшто не е опфатен со ниту една од наведените категории и притоа се наведува за каков повод станува збор. Секако, се имаше предвид дали станувaше збор за редовна активност, особено за претставниците на власта или за активност намерно искреирана за да се обезбеди поголема медиумска присутност.

Новинарскиот ангажман е видлив од изборот на жанрот на прилогот: вест, извештај, репортажа, коментар, интервју, изјава, анкета, коментар, анализа или комбинација на некој од спомeнатите жанрови.
Податоците за степенот на почитување на принципите на професионалното работење и целокупниот медиумски ангажман се добиени со бележење на медиумската обработка на прилогот преку избирање на една од следниве опции:

- снимка од настанот – сопствена, преземена или архивска и дали е обележано за каква снимка станува збор;
- „замрзната слика“ (телоп);
- новинар – автор на текстот ( stand up) во кадар;
- користење форма на визуелизација, како графички приказ, табела, мапа или некоја друга форма

Друг показател за професионалното работење е (не)одбележувањето на користените извори. Точното идентификување на користениот извор е неопходно за слободно формирање на мислењето на јавноста за одредени прашања, додека употребата на фразите од типот на „познавачите на состојбите“ или „експертите велат“ секогаш остава простор за манипулација со јавното мислење.

Начинот на појавување на субјектот го одразува ставот на медиумот кон него и медиумскиот ангажман. Појавувањето може да биде активно и пасивно. Како активно појавување се смета директното обраќање (најчесто и слика и тонско парче) и неговото емитување е релевантно за прилогот, додека како пасивно појавување (без разлика дали и слика и тонско парче или само слика) се смета појавувањето кое не е директно поврзано со самиот прилог.

Бележењето на ставот на субјектот придонесува за што поголема точност на добиените податоци: освен квантитативно отстапеното време на некој субјект подеднакво е важно за кого субјектот зборува, односно кого го критикува или кого го фали.

Редоследот на емитување на прилозите, спореден со редоследот на емитување на најавите за нив е индикатор важен за утврдување на важноста која медиумот им ја дава на конкретни настани.

**КЛУЧНИ НАОДИ:**

Во анализираниот период, телевизиските програми на јавниот сервис – МТВ1 и МТВ2 - програма на албански јазик најмногу простор во централните информативни изданија отстапија за претставниците на извршната власт – Владата со министерствата. Овие резултати се поклопуваат со резултатите од анализата во 2010 година. Констатацијата за најмногу отстапено време важи и за МТВ2 - програмата на турски јазик.

**МТВ1** - времето за извршната власт е за 2/3 повеќе отколку за претставниците на другите институции на власт и политичките партии. Ваквиот сооднос се отсликува и кај директните обраќања. Карактеристично е што политичките партии се многу малку застапени. Минутажата одвоена за ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е многу мала поради што и не може да се извлекуваат оценки. Меѓутоа, известувањето само за активностите на ВМРО ДПМНЕ по повод државниот празник 11 Октомври создава впечаток дека се дава предимство на владејачката партија.

Најчест повод за прилозите се актуелни настани, пред се резултат на редовните активности на институциите на власт. При информирањето, ставот на медиумот е главно неутрален и користените извори се претежно јасно идентификувани, со исклучок на еден случај кога како извор се наведуваат „познавачите на состојбите. Кај еден прилог е забележано дека не е дадена подеднаква можност на сите засегнати страни (поточно на советници на општината Берово од СДСМ) за искажување на нивните ставови и мислења.

Најголем дел од емитуваните прилози се со описен карактер. При известувањето најчесто користениот новинарски жанр се извештаите. Речиси 60% од снимките се јасно идентификувани во смисла на медиумска обработка – со името и презимето на новинарот, сниметелот и најчесто монтажерот.

**МТВ2 – програма на албански јазик -** речиси за сите прилози поводот е актуелен настан. Од вкупното време одвоено за институциите на власт, 2/3 е за претставниците на извршната власт. Аналогно на тоа е и времетраењето на директните обраќања.

Ставот на медиумот кон различните субјекти е неутрален, а според новинарскиот жанр, речиси сите прилози се обработени како извештаи. Притоа, идентификуван е новинарот, но не и сниметелот на материјалот користен во извештаите. Забележано е присуство и на неозначени архивски снимки и тоа во 4 прилога. Најмногу време е отстапено за редовните активности на Владата.

**МТВ 2 - програмата на турски јазик** за Владата и министерствата одвои половина од вкупното време за сите институции на власт. Освен едно обраќање на Претседателот на Републиката со времетраење од 7 секунди, нема директни обраќања.

Сите прилози, според жанрот се извештаи, со описен карактер. Во ниту еден прилог не е идентификуван сниметелот, а мошне ретко е идентификувано лицето кое го подготвило прилогот. Ставот на медиумот е неутрален.

## МТВ1

***Квалитативни оценки за известувањето во вестите на МТВ1***

Во анализираната седмица од 3 до 9 октомври 2011 година, вкупното времетраење на прилозите во вестите е 4 часа 30 минути и 52 секунди. Очекувано, најмногу време е одвоено за внатрешните и надворешните случувања поврзани со Македонија, а иако во помал обем, не изостануваат ниту информациите од светот и спортските вести.

Вообичаено, содржината на вестите се најавува преку „најударните“ прилози (односно прилозите за кои медиумот смета дека најмногу го привлекуваат вниманието на гледачите) пред самиот почеток на вестите. Споредбата на најавите и прилозите во вестите покажува дека не секогаш постои тесна поврзаност меѓу редоследот на емитување на најавите и редоследот на емитување на прилозите.

Најчест повод за информирање за домашните случувања биле актуелни настани – исплаќање на старите девизни заштеди, преговори меѓу државата и банките за станбените кредити, учество на министрите на разни форуми, семинари, конференции во државата и странство или билатерални средби со странски државници, пожарот во новиот театар во изградба, целите на реформите на пензискиот и здравствениот систем, проблеми од локално значење, меѓусебни обвинувања на двете најголеми политички партии, одбележувањето на претстојниот празник 11 Октомври. Емитувано е и едно десетминутно интервју - на 9 октомври со министерката за култура Елизабета Канческа – Милеска, која говореше за деновите на Македонската култура во Русија и воопшто за проектите на Министерството за култура.

**Графикон 1: Повод за прилогот**




Очекуваното доставување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија беше еден од настаните на којшто беше фокусиран медиумскиот интерес и за кој на некој начин имаше континуитет во известувањето. Пет дена во неделата, меѓу првите 5 прилози беа пласирани очекувањата за датум за преговори и мислењата за спроведените реформи на заменичката на претседателот на Владата на РМ за европски прашања Теута Арифи, министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, претседателот на Собранието Трајко Вељаноски.

Реакциите за одредување на износот на минималната плата на владејачката ВМРО ДПМНЕ и опозициската СДСМ гледачите имаа можност да ги видат на 3 октомври, додека на 5 октомври е информирано за „жестоката“ расправа во Собранието во врска со случајот со станбено деловниот објект „Космос“ чиј инвеститор е пратеникот Фијат Цаноски.

Во категоријата „друг повод за прилогот“ се сместени два прилога: едниот прилог се однесува на анализирање на различните стандарди во поглед на изјаснувањето на Македонците на пописите во различни земји, а вториот е извадоци од интервјуто на министерот за образование Кралев дадено за Радио Слободна Европа.

Претставено во бројки, од вкупно 4 часа 30 минути и 52 секунди вести, 1 час 55 минути и 16 секунди беа одвоени за институциите на власт и претставниците на политичките партии.

**Графикон 2: Застапеност на политичките субјекти**




Од институциите на власт, најприсутни во вестите се членовите на Владата – претседателот на Владата и неговите заменици и министрите - 1:17:22. Значително помала минутажа е одвоено за други органи на државната управа (00:10:13); по околу 5 минути за народните избраници во Собранието на РМ, за претседателот на РМ и за локалната власт. За судската власт се одвоени 1 минута и 46 секунди.

**Графикон 3: Застапеност на институциите на власт**




Со оглед на времето одвоено за Владата, очекувано е дека најмногу директни обраќања имаат нејзините претставници. Од вкупно 35 минути и 55 секунди, 21 минута и 26 секунди се на Премиерот и министрите.

.

**Графикон 4: Времетраење на директни обраќања на институциите на власт**




Ставот на медиумот при известувањето за различните настани е неутрален. Истото не може да се каже и за претставниците на политичките партии кои своето појавување го користат да ја оцрнат противничката партија. Ова е случај со прес конференциите, односно реакциите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ за износот на минималната плата и реакцијата на ВМРО ДПМНЕ по повод „опструирањето" на буџетот на општина Берово. Токму прилогот насловен како „Советниците од СДСМ во беровскиот Совет го опструираат ребалансот на буџетот", емитуван на 7 октомври се издвојува и по една друга своја карактеристика: непридржувањето до професионалните новинарски стандарди, во смисла на давање подеднаква можност на сите засегнати страни за искажување на ставови и мислења. Со тоа се добива впечаток дека се дава предимство на една страна, во обид да се „замолкне" другата страна. Текстот на прилогот во целост е даден подолу:

> *<u>Презентер на вести:</u> Советниците од СДСМ во беровскиот Совет го опструираат ребалансот на општинскиот буџет во кој доминантни се ставките на парите од донации на Европските фондови.*
>
> *<u>Репортер:</u> 10 милиони денари, средства добиени од донации од повеќе европски фондови тешко ќе можат да се реализираат годинава во општината Берово само од причини што општинскиот совет кој го контролира Социјалдемократскиот сојуз на Македонија не го изгласа ребалансот на буџетот предложен од беровскиот градоначалник, кој е од редовите не ВМРО ДПМНЕ. Ова се случува во период кога беровската општина е во исклучителен инвестициски циклус, со полн капацитет за изготвување проекти и користење средства од европските фондови, и тоа по разни основи.*
>
> *<u>Драги Наџиевски, градоначалник на Берово:</u> „И самите свесни дека претходно 20 години тие раководеа со локалната самоуправа во општина Берово и народот препозна дека за тие 20 години ништо не направија за општината и сметаат сега дека било што да се направи ќе биде на удар на рејтингот нивни*
>
> *<u>Репортер:</u> И советничката група на ВМРО ДПМНЕ е изненадена од ваквиот став на колегите од Социјалдемократскиот сојуз*
>
> *<u>Зоран Мазневски, Координатор на пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ од Берово:</u> Не дозволува општината да оди напред, не дозволува граѓаните да ги почуствуваат благодетите како во другите општини, а со тоа го кочи и самиот Совет и самата општина*
>
> *<u>Репортер:</u> Единственото објаснување за ваквиот потег од страна на советниците од СДСМ е дека дел од средствата треба да се употребат за изготвување проекти за изградба на канализации во две села, што според кабинетот на градоначалникот веќе е направено, а проектите се поднесени до Владата и чекаат на реализација*

При известувањето во вестите, користените извори (без разлика дали се прекажани или цитирани) се јасно идентификувани, со исклучок на еден случај, кога на изворот се реферира како на „познавачите на состојбите". Станува збор за прилогот насловен како „Македонија ќе добие препорака за почеток на преговорите" емитуван на 3 октомври. Неозначувањето на изворот остава простор за манипулација со

јавното мислење и создава сомнежи дека новинарот, а со тоа и медиумот ја глорифицира политиката на Владата и „визијата на Премиерот", додека истовремено покажува со прст кон оние кои наводно го опструираат пристапувањето на Македонија кон ЕУ.

> Презентерка на вести: *„Македонија и годинава ќе добие препорака за почеток на преговорите со Европската унија, информираа дипломатски извори од Брисел. Третпат по ред Европската комисија во Извештајот за напредокот на Македонија ќе му препорача на Европскиот совет да одреди датум за почеток на преговорите.*
>
> Репортер: *„Сега можеме да препорачаме отворање на преговори за членство" (евродипломат). Македонија и оваа година ќе добие препорака за почеток на преговорите со Европската унија, информираат дипломатски извори од Брисел. Третпат по ред, Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија ќе му препорача на Европскиот совет датум за старт на преговорите. Ваквата препорака која досега не беше реализирана единствено поради грчкото противење претставува врвна оценка за земјата за напредокот што го остварила во изминатата година. Познавачите на состојбите изразуваат големо задоволство од најавата за третиот по ред позитивен Извештај на Европската комисија кој претставува верификација на сите реформи и модернизација што ги спроведува Владата во континуитет. Според нив, Европската комисија реално ја оценила одговорноста и посветеноста на Македонија наспроти обидите на некои домашни и странски фактори да прикажат нереална слика за земјата и со тоа да ги нарушат интересите на Македонија. Бојкотот на Парламентот од страна на СДСМ на чело со Црвенковски или пак неодамнешниот настап пред Европскиот парламент на група новинари од пропаднатите медиуми на Рамковски, се пример за таквите обиди, велат познавачите на состојбите. Наспроти опструкциите на домашни и странски фактори и во прв ред наспроти грчките блокади, познавачите на состојбите ја поздравуваат визијата на македонскиот премиер Груевски, во име на европската иднина, Македонија да стане регионален лидер во повеќе сфери, визија која велат дека веќе почна да се реализира.*
> *На извештајот од Брисел за почеток на преговорите му претходеше и Извештајот на ММФ, со кој се предвидува раст на македонската економија за 3%. Македонија забележа и највисок раст на БДП во регионот за вториот квартал, зад Турција"*

Во контекст на ставот на медиумот е прашањето за начинот на појавување (активно и пасивно) на субјектите во прилозите. Во споменатиот прилог „Македонија ќе добие препорака за почеток на преговорите" прикажани се неколку архивски снимки од премиерот Груевски (пример, снимка од предавањето на Извештајот минатата година од страна на евроамбасадорот Фуере), односно „пасивно појавување" на субјектот. Вакво „пасивно" појавување е забележано и во прилогот за инвеститорот „Агрокор", емитуван на 9 октомври 2011 година. Репортажата е наменета исклучиво за резултатите од инвестицијата на „Агрокор", постоечките и потенцијални пазари, начинот на откуп од земјоделците, но прикажани се и снимки од свеченото отварање на кое учествува Премиерот на Владата.

Анализата на вестите на МТВ1 покажа и две други карактеристики: известување исклучиво за активностите на една политичка партија во пресрет на чествувањето на празникот 11 октомври и малкуте информации за пописот на населението којшто започна два дена пред почетокот на анализата на вестите. Ваквата оценка е со извесна резерва од причина што воопшто, за политичките партии е отстапено многу малку време и не е извршена споредбена анализа со известувањето на другите телевизии на национално ниво. Сепак, малку е нејасно зошто МТВ1 ја пренесува честитката до граѓаните само на една политичка партија и информира само за активностите на Унијата на млади сили на ВМРО ДПМНЕ – чистење на спомен обележјата по повод празникот и акцијата за дарување крв.
Што се однесува до пописот, емитувани се само два прилога. Од еден јавен сервис се очекува да даде повеќе информации за текот на пописните активности.

Ако податоците од оваа анализа се споредат со оние добиени со анализата во 2010 година, ќе се види дека речиси нема промени во начинот на известување: 2/3 од вкупното време за институциите на власт е отстапено за активностите на извршната власт и Владата повторно има најмногу време за директни обраќања. Во сегашната анализа не е прикажувано збирно времето за Владата и владејачките партии наспроти времето за опозициските партии од причина што се пренесени ставовите на само две партии (СДСМ и ВРМРО ДПМНЕ) и тоа време е незначително.

Во поглед на квалитативното известување, во 2010 година како комплементарна анализа на анализата за политички плурализам е студијата на случај за еден настан „Инцидентот во Собранието на Република Македонија“. Станува збор за „изолиран“ настан, но известувањето за него е следено во подолг временски период од 2 до 19 јули 2010 година. Целта на истражувањето беше да одговори на следново прашање: „Постои ли политички плурализам во централните информативни емисии на МТВ1, А1 и ТВ Сител? Еден од главните заклучоци за вестите на Јавниот радиодифузен сервис беше дека последица од неуспехот на МТВ 1 да излезе од стегите на политичката стереотипија меѓу двете водечки, антагонизирачки сили е „недостигот од видлива, професионална, новинарска волја да се трага по мотивот за акутно актуелното општествено случување„, врз што се темели истражувачкото новинарство.

Општиот впечаток од сегашнава анализа е дека претставниците на власта се медиумски присутни најмногу поради своите редовни активности. Ова се однесува пред се за настаните на кои присуството било на претседателот на Владата, било на министрите, било на претседателот на Републиката е повеќе од очекувано или дури неопходно. Секако, не помалку е важно и правото на јавноста да знае и за текот на реформите кои ги преземаат министерствата, особено за чувствителните сектори како здравството или судството. Покрај овие активности, забележлива е интенцијата за, на некој начин „централизирано“ промовирање на започнатите или веќе реализирани проекти на Владата (пуштање во употреба на кружниот тек на булеварот Теодосије Гологанов, поставување на вештачката алпинистичка карпа, снимање на сцена од филмот „Трето полувреме“ – настани на кои се појавува Претседателот на Владата). Резултатот е зголемено медиумско присуство на претставниците на власта. Секако дека една од основните функции на медиумите е информирањето, меѓутоа, „голото“ пренесување на активностите, мислењата и ставовите на претставниците на власта без да се консултираат и други извори, особено експерти од соодветната област – води кон тоа Првата програма на јавниот сервис да стане информативен билтен на Владата.

***Формални аспекти на прилозите во вестите на МТВ1***

Прилозите се обработени преку неколку новинарски жанрови, при што предничат извештаите со претежно информативен карактер, односно најчесто само се пренесува настанот без да се даваат проценки или автентични описи за него. Најкусиот новинарски жанр – веста е употребен при информирањето на гледачите за движењето на инфлацијата во Македонија; акцијата што МВР ја спроведе за апсење 15 лица, учесници во трговија со луѓе; повикувањето на рапорт на албанскиот амбасадор во Министерството за надворешни работи на Македонија; соопштението на Министерството за труд и социјална политика за прогласување на 11 Октомври за неработен ден; средбата на земјоделците со Премиерот Никола Груевски; одржаната регионална конференција на министерско ниво во Белград на тема модернизирање на јавната администрација и вториот состанок на владиниот Комитет за туризам.

**Графикон 5: Застапеност на новинарски жанрови**




Околу деведесет проценти (или вкупно 64) од прилозите се со описен карактер при што само се известува за настанот без да се даваат дополнителни објаснувања, додека близу 9% (или вкупно 6) од прилозите се со објаснувачки/интерпретативен карактер.

Медиумски, прилозите коишто се релевантни за политичкиот плурализам, најчесто се придружени со сопствена снимка од настанот. Речиси 60% од снимките се јасно идентификувани – со името и презимето на новинарот, снимателот и најчесто монтажерот. Воопшто не е мал процентот на снимки на кои не е означен снимателот – околу 34%.

**Графикон 6: Застапеност според медиумска обработка**




Неозначени архивски снимки се користени во два прилога: првиот пат во прилогот на 3 октомври за очекувањата за добивање датум за преговори и втората за повикувањето на албанскиот амбасадор во МНР.
На 5 октомври емитувана е информација за одбивањето средба на градоначалникот на Гостивар со министерот за локална самоуправа којашто никако не е означена, на 6 октомври е емитуван прилог за средбата на Министерот за одбрана Бесими со генералниот секретар на НАТО и посочено е дека информацијата е подготвена од дописникот на МИА, но не е означена дали е за потребите на МТВ или е преземена.
Во 5 прилози авторот на прилогот се појавува во кадар и говори дел од текстот.

## МТВ2 – албански јазик

Во периодот од 3 до 9 октомври 2011 година анализирани се седумте централни информативни изданија на албански јазик на програмскиот сервис на МТВ2, кои се емитуваат во 18.30 ч. Нивното вкупно времетраење изнесува 3 часа 49 минути и 52 секунди.

Повод за информирање за настаните во земјата беа актуелни настани – спроведување на пописот во Република Македонија, учество на владините претставници на разни форуми, семинари и конференции, билатерални средби со странски државници, годишниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, пожарот во новиот театар во изградба, реформи во пензискиот систем и др.
Според добиените резултати, од вкупното времетраење на анализираните вести на МТВ2, 1 час 30 минути и 46 секунди беа одвоени за институциите на власт и претставниците на политичките партии.

**Графикон 1: Застапеност на политичките субјекти**




Вкупно, за институциите на власт е одвоено 01 час 25 минути и 59 секунди. Најмногу време е одвоено за претставниците на Владата (01:01:18), додека за претставниците на останатите институции на власт е одвоено незначително време – за локалната власт 7 минути и 42 секунди, за другите органи на државна управа 7 минути и 44 секунди, за Собранието на РМ 4 минути, за Претседателот на Републиката 2 минути и 51 секунда, и за судската власт 2 минути и 24 секунди.

**Графикон 2: Застапеност на институциите на власт**




Ваквиот начин на застапеност, свој одраз има и кај директните обраќања – најмногу има Владата, со вкупно времетраење од 18 минути и 48 секунди. За директно обраќање на претставниците на останатите институции на власт е одвоено незначително време – за локалната власт 2 минути и 41 секунда, за Собранието на РМ 1 минута и 50 секунди, а за Претседателот на Републиката само 10 секунди. Што се однесува до политичките партии одвоено е време за претставници на владејачката ДУИ - 29 секунди и за опозициската ДПА - 1 минута и една секунда).

**Графикон 3: Времетраење на директни обраќања на институциите на власт**




Од вкупно четириесет и осум (48) прилози, во четириесет и седум (47) прилози медиумот известува за настанот без какви било дополнителни објаснувања и во нив доминираат теми од домашните настани. Единствениот прилог со објаснувачки карактер е прилогот во кој што има продлабочена анализа за очекуваниот Извештај на ЕК.

**Графикон 4: Застапеност на новинарски жанр**




Настаните генерално беа покриени со сопствени снимки од настанот со име и презиме на новинарот, но во прилозите не е означено името на сниматселот.
Неозначени архивски снимки се користени во 4 четири прилога: на 5 октомври, очекување на реален Извештај на ЕК, на 7 октомври СДСМ обвинува за прекршување на Законот за попис и доделување на ЦЕМТ дозволи и на 8 октомври, очекување на позитивен Извештај на ЕК.
Снимките од посетата на Претседателот Ѓорге Иванов на Романија кои се користени како илустрација за информацијата околу даденото интервју на Претседателот за новинската агенција ТАНЈУГ, како и при известувањето за посетата на министерот Фатмир Бесими на седиштето на НАТО Алијансата во Брисел, воопшто не се означени, така што е нејасно дали се работи за сопствена снимка или пак, таа е преземена од друг медиум.

**Графикон 5: Застапеност според медиумска обработка**




Програмскиот сервис на МТВ2 настаните ги прикажуваше објективно, од каде што и произлегува заклучокот дека ставот на медиумот при известувањето е неутрален.
Општиот заклучок од анализата на вестите на МТВ2 е дека најмногу време е отстапено за редовните активности на Владата. Најзастапените прилози беа поврзани со пописот во Република Македонија кој беше спроведен во почетокот на месец октомври и Извештајот на ЕК.
Споредено со податоците од анализата од 2010 год. нема промени во времетраењето отстапено за активностите на извршната власт.

## МТВ 2 - турски јазик

Во анализираната седмица од 3 до 9 октомври 2011 година, вкупното времетраење на прилозите е 1 час 51 минута и 2 секунди. Најмногу време е одвоено за внатрешните и надворешните случувања поврзани со Македонија, а иако во помал обем, не изостануваат ниту информациите од светот и спортските вести.

Најчест повод за информирање за активностите на власта биле актуелни настани – исплаќање на старите девизни заштеди, билатерални средби со странски државници (посетата на министерот за надворешни работи Никола Попоски на Албанија; средбата на Премиерот Никола Груевски со Премиерот на Италија – Силвио Берлускони), учество на разни форуми, семинари, конференции во државата и во странство, промовирање на успешното завршување на модернизацијата и автоматизацијата на термоелектраната ”Битола 2”, досегашните ефекти на пензиската реформа, претстојното прославување на денот на народното востание - 11 Октомври.

**Графикон 1:Повод за прилогот**




Од институциите на власт, најприсутни се членовите на Владата - 00:23:35. Останатото време е одвоено за претседателот на Република Македонија (10 минути и 47 секунди), за други органи на државната управа (9 минути и 35 секунди), за Собранието на РМ е одвоено 1 минута и 46 секунди, за судската власт 29 секунди и за локалната власт само 8 секунди. Политичките партии воопшто не се застапени, со исклучок на 35-те секунди одвоени за СДСМ.

**Графикон 2:Застапеност на институциите на власт**




Во вестите на турски јазик на Втората програма на јавниот сервис речиси да не се емитувани директни обраќања на институциите на власт. Забележано е само едно директно обраќање – и тоа на Претседателот на Републиката по повод доделувањето на Орденот за заслуги за Македонија на Турскиот театар од Скопје. Обраќањето е со времетраење од 7 секунди и е емитувано на 5 октомври.

Сите 30 прилози, според жанрот се категоризираат како извештаи. Тие се со описен карактер при што само се известува за настанот без да се даваат дополнителни објаснувања за него.

Прилозите воопшто не се медиумски обработени, односно во ниту еден прилог не е идентификуван сниմателот, а мошне ретко е идентификувано лицето кое го подготвило прилогот.

Ставот на медиумот при известувањето за настаните е неутрален. Истото не може да се каже и за претставниците на политичките партии, односно за нивниот став кон противничката партија. Овде е регистриран еден таков случај – писмената реакција на СДСМ во врска со прес- конференцијата на ВМРО ДПМНЕ по повод 11 Октомври. Реакцијата на СДСМ е дека ВМРО-ДПМНЕ не е искрена и дека со години не го одбележува овој празник.